„Кога луѓето ќе го видат зулумќарот (насилникот) и нема да го спречат, Аллаховата казна наскоро ќе ги опфати сите.“

Од Ебу Бекр ес-Сидик, Аллах нека е задоволен со него, се пренесува дека рекол: Луѓе вие го читате овој ајет: „О, верници, грижете се за себе; ако сте на Вистинскиот пат, нема да ви наштети тој што заталкал!" А јас го слушнав Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како вели: „Кога луѓето ќе го видат зулумќарот (насилникот) и нема да го спречат, Аллаховата казна наскоро ќе ги опфати сите.“

[صحيح] [رواه أبو داود والترمذي والنسائي في الكبرى وابن ماجه وأحمد]

Ебу Бекр ес-Сидик, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека луѓето го рецитираат следниот ајет: „О, верници, грижете се за себе; ако сте на Вистинскиот пат, нема да ви наштети тој што заталкал!" (Ел Маиде, 105) И го разбираат на начин дека човекот треба да се грижи само за сопствената исправност, мислејќи дека, откако ќе го стори тоа, нема да му наштети заблудата на другите и дека не се должни да наредуваат добро и да го спречуваат злото. Тој им објаснил дека ајетот не се толкува на тој начин и дека го слушнал Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, како вели: „Кога луѓето ќе го видат зулумќарот (насилникот) и нема да го спречат во неговото угнетување, и кога имаат можност да го спречат, Аллах ќе ги опфати сите со Својата казна – и оној што го правел злото, и оној што молчел пред него.“

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/3470